105 74
Општа за политик 25/10/23

Влада на Република Северна Македонија
Генерален секретаријат

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Sekretariati i përgjithshëm

**КАБИНЕТ НА ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА ЗАДОЛЖЕН ЗА ПОЛИТИКИ ЗА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ**

Арх. број/ Num. ark.: 10- 10698/2

Датум/Data: 2023 25-10-2023

**До:Методија Димовски**
**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

10 10376/3

**Предмет:Враќање на Предлог -иницијатива**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Почитувани,**

До Кабинетот на заменик на Претседателот на Владата задолжен политики за добро владеење доставивте Предлог-иницијатива од Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис Скопје, со наслов: Креирање на Национална стратегија за градење на општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите.

Од образложението на Предлог-иницијативата, може да се препознае дека истата би придонела кон остварување на повеќе приоритетни цели од стратешките приоритети и тоа:„Успешно водење на пристапните приговори со Европската Унија", „Унапредување на одбрамбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност", „Обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството", „Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите", „Обезебдување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните", „Унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетската ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени", „Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники".

Воедно како надлежни органи од страна на Фондацијата се препознаени Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за одбрана, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерствотото за правда, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за образование и наука и Министерството за здравство.

Изготвувањето на  една ваква стратегија е значајно, и во таа насока Кабинетот ја поздравува Предлог -иницијативата, но истакнуваме  дека посочените институции имаат конкретни надлежности во оваа насока и оттаму сметаме дека треба истите и да се произнесат.

Заменик на Претседател на Владата
задолжен за политики за добро владеење
Славица Грковска

Подготвила: Маја Ралевска, кабинетски службеник
Одобрила:  Татјана Поповска, шеф на кабинет